Почитувани,

Ве известуваме дека на 01.03.2013 година спроведена е обука за начинот на пополнување на годишниот финансиски извештај за политичките партии и финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања, согласно член 27 став 6 од Законот за финансирање на политичките партии. Истовремено, спроведена е и обука за начинот на пополнување на финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања, на претставниците на групите избирачи за градоначалник и советници во општините за изборната кампања 2013 година.

Финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања, за периодот, од денот на отворање на трансакциската сметка „за изборна кампања" до крајот на десеттиот ден од изборната кампања се поднесува на 14.03.2013 година до 24 часот, односно до 19.03.2013 година до 24 часот за подносителите на дополнителни листи за членови на совет и градоначалник на општините.

Финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања, за втората половина од изборната кампања се поднесува на 23.03.2013 година до 24 часот.

Финансиските извештаи за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања се доставуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Вкупниот финансиски извештај за изборната кампања се поднесува најдоцна до 21.04.2013 година до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Собранието на Република Македонија, советот на градот Скопје и советот на општината.

Политичката партија Годишниот финансиски извештај го поднесува до Државниот завод за ревизија, најдоцна до 31.03.2013 година.

Лице за контакт: Александра Димовска, тел. 02/3106-191 и e-mail Aleksandra.Dimovska@finance.gov.mk.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА